АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-2374/8
____201__год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 169 став 1 алинеа 2 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10,185/11 и 53/11), пречистен текст (службен весник бр.24/12) член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А

за поништување на постапката за доделување на договор
за јавна набавка бр.**12/2012**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас со е-аукција за **Набавка на уреди за регулирање на температура во систем сала и во останати простории, клима уреди и панел плочи за греење во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје** согласно член 169 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (не е поднесена ниту една прифатлива понуда)

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 став 1 од од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување

## Образложение:

Врз основа на Барање за јавна набавка бр.05-23734/2 од 29.11.2012 година донесена е одлука за јавна набавка на уреди за регулирање на температура во систем сала и во останати простории , клима уреди и панел плочи за греење во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје заверена под бр.05-2374/3 од 07.12.2012 година, и е објавен оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**12/2012** на ЕСЈН во Бирото за јавни набавки.

Во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка односно по отварање на понудите од страна Комисијата за јавни набавки, од Записникот од отварање на понуди бр.**05-2374/5 од 06.02.2013** година и Извештај од спроведена постапка бр.**05-2374/6 од 06.02.2013 година**, е констатирано дека е примена само една понуда.

Цената на единствената понуда која е примена е повисока од средствата

кои се обезбедени за горенаведената јавна набавка согласно Планот за јавни набавки за 2012 година, односно висината на понудата изнесува 842.220,00 денари без ддв,а согласно Планот за јавни набавки, за оваа набавка беше предвидена сума од 500.000,00 денари без ддв.

Земајќи во предвид дека е поднесена само една понуда, договорниот орган не може да закаже електронска аукција, од причина што не постои доволна конкуренција.

Согласно погоренаведеното договорниот орган одлучи да биде поништена постапката за доделување на Договор за јавна набавка на на уреди за регулирање на температура во систем сала и во останати простории , клима уреди и панел плочи за греење во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје.

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од ЗЈН.

**Правна заштита**

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**

**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до:**

- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии
- Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
- Архива